# З А П И С Н И К

Од 25 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 22.05.2023 година (понеделник) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.
Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
5. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
6. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
7. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
8. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
9. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
10. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
11. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
12. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник Сашко Митовски
Секретар на општина Антонио Давитковски

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски
Раководител на правни и општи работи Даниела Велковска

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков
Раководител на испекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на човечки ресурси Игор Додевски
Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска
Раководител на ЛЕР со овластување Валентина Ангеловска
Директор Директор на ЈП Комуналец Миле Макровски
Директор на ЛУ Градски музеј Драган Величковски
в.д директор на ОУЈДГ Детелинка Олгица Дејановски
Директор на ЈП Калин Камен Јорданчо Миневски
в.д директор на Ѓорче Петров Елена Ѓорѓиевска
Помлад инспектор-овластен комунален инспектор Наталија Милковска
Претставници од ЈП Комуналец
Претставник од пензионерите

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 24-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 24-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог – Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I квартал за 2023 година;
2. Предлог – Одлука за проширување на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ;
3. Предлог- Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје;
4. Предлог-Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема;
5. Предлог-Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест;
6. Предлог – Решение за разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка

7. Предлог – Решение за именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка;
8. Предлог – Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ОУД „Боро Менков„ Крива Паланка ;
9. Предлог –Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка;
10. Предлог-Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„;
11. Предлог – Одлука за донесување на план за парцелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за „Дел 1„ од урбан блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ;
12. Предлог-Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски сретстсва за изградба ,реконструкција ,одржување и заштита на општинаските патишта и улици во Општина Крива Паланка ;
13. Предлог-Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка ;
14. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен "Крива Паланка за 2023 година
15. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2
16. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција ;
17. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка
18. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка;
19. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;
20. Советнички прашања .

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог – Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I квартал за 2023 година;

   Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска даде образложение по однос на точката

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советникот Влатко Ристовски упати забелешка дека и оваа година се продолжува со непродуктивни расходи во ставката за репрезентации каде треба рационално трошење на средствата и исто така во извештајот има покачување на доспеани ненадмирени обврски и според советникот треба да се внимава со трошење на парите на граѓаните да не дојде до блокирање на општинската сметка.

Раководителот на финансиски прашања даде појаснување по однос на дадените забелешки од страна на советникот

Советничката Тања Д.Митровска не се согласува со констатацијата од страна на советникот дека нерационално се користат средствата на општинскиот буџет и општината и дека ќе дојде до блокирање на општинската сметка.Според советничката посебно е за поздравување големата транспарентност при носење на буџетот на општината со сите податоци кои се на располагање.Исто така во делот на приходите според советничката нема потреба од загриженост бидејќи општината си ги собира своите средства со висока реализација и исто така општината редовно си ги исплаќа ратите за кредитите. Во делот каде советникот имал дадено забелешка по однос на расходите за непродуктивни трошоци оваа година е со намален процент за разлика од претходните години и е за поздравување.Според советничката по однос на овој извештај општинскиот буџет е ликвиден и нема потреба граѓаните да бидат загрижени за општинската сметка.

Градоначалникот исто така даде образложение по однос на извештајот дека целокупната општинска администрација работи за подобрување и развој на општината со реализација на нови проекти ,сервисирани се сите кредити,исплатена е депонијата за инертен отпад и многу други работи кои се во корист на граѓаните и не треба да се кажуваат невистини и со тоа да се добиваат политички поени.

Советникот Емил Спасовски упати реплика до градоначалникот бидејќи во неговото имаше кажано дека опозицијата секогаш кажува невистини и даде образложение дека тие како советничка група имале побарано информации од јавен карактер по однос на приходите кои општината ги има од склучување договор за ЈПП со хидроосогово на годишно ниво околу 4 мил.денари дека таа локална власт размислувала како ќе ги плаќа долговите а не како претходниот градоначалник кој имал земено 22.мил.денари за изградба на плоштад кој треба општината да ги врати со парите на граѓаните со новата репроценка како феноменалениот проект на општината каде уште повеќе ќе се зголемат даноците на граѓаните.

Според градоначалникот граѓаните одлучуваат за работењето на градоначалникот и општинската администрација и дали се задоволни од нивната работа или не со нивната подршка.

Советничката Виолета С.Станојковска упати реплика до градоначалникот за неговото излагање дека советниците давале забелешки за работењето на општината и раководењето на градоначалникот според советничката опозицијата е таа која треба да дава критики и забелешки кои се добронамерни и треба да е прифаќаат а работењето на градоначалникот и ставање на негов потпис е негова одговорност и се разбира на крајот се гледа дали работата била во ред или не.

Советникот Дане Милошевски е задоволен од извештајот и од работата на градоначалникот и општинската администрација.Во работењето на претходните градоначалници кои ги игнорирале долговите на нивните претходници што не е случај сега со овој градоначалник и општинската администрација која редовно си ги сервисира долговите додека за нивното работење граѓаните ќе го дадат своето мислење дали било во ред или не на крајот на завршување на мандатот.

Градоначалникот даде образложение на дадената забелешка од страна на советникот за репроценката на имот на општината.Последната репроценка на имот е направена во 2006 година и со сега направената репроценка има сериозна промена на состојбата на терен .Според градоначалникот треба да се поднесе ризик и се разбира треба да се има храброст и одлучност за тоа но тоа се приходи на општината кои исто така ќе бидат во корист на граѓаните.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 7 воздржани, Советот донесе- **Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I квартал за 2023 година;**

2.Предлог – Одлука за проширување на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА, Советот донесе- **Одлука за проширување на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

3. Предлог- Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА, Советот донесе- **Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје;**

4. Предлог-Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА, Советот донесе- **Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема;**

5**.** Предлог-Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Ленче Илиевска постави прашање зошто е одлучено да се даде просторијата на користење на АКН без надоместок бидејќи советничката смета дека имаат доволно финансиски средства за да си плаќаат надоместок за користење на истата.

Раководителката на правни и општи работи Даниела Велковска даде обраложение на прашањето поставено од страна на советничката.

Советничката Ленче Илиевска побара да се додаде надоместок во одлуката согласно законото и како даден предлог од нејзина страна да се стави на гласање

Градоначалникот даде дообрајнување за која просторија се работи и од кои причини е изготвена одлуката без наоместок.

Предлогот на советничката Ленче Илиевска беше ставен на гласање со 6 гласа ЗА ,11 против и 1 воздржан и истиот не беше прифатен

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,11 гласа ЗА 6 против и 1 воздржан, Советот донесе- **Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест;**

6. Предлог – Решение за разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе**- Решение за разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка**

7. Предлог – Решение за именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Мери М.Јовановска како предлог за член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка го предложи др - Роберт Николовски

Советничката Ленче Илиевска побара да се даде кратка биографија за лицето.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе**- Решение за именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка;**

8.Предлог – Одлука за давање согласност на годишниот план  за вработување  за 2024 година на ОУД „Боро Менков„  Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување од страна на директорот зошто толку рано го поднесува годишниот план за вработување бидејќи согласно законот краен рок е месец септември и би требало да се почитуваат законските прописи.

Директорот на ОУД Боро Менков даде образложение на забелешката  од страна на советничката од кои причини се понесува сега годишниот план за вработување.

Откако никој   не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани ,  Советот донесе- **Одлука за давање согласност на годишниот план  за вработување  за 2024 година на ОУД „Боро Менков„ Крива Паланка**

9. Предлог – Одлука за  давање согласност на Одлуката  за усвојување на Правилникот за измени на правилникот  за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка  Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување од страна на директорката од кои причини се прави измена на правилникот и дали има потреба да се намалува бројот на извршители од повисоко ниво а да се зголеми бројот на извршители – приправник негувател.

Директорката на ОУЈДГ Детелинка даде образложение на прашањето поставено од страна на советничката

Според советничката тука е наведено дека се прави измена на правилник кој е донесен во месец Август 2022 година и сега се направени нови измени зошто има потреба од таа измена  и како дадена  забелешка од нејзина страна по однос   измените   на  правилниците кои   стануваат  редовна пракса во сите институции а не би требало  да се врши промена на истите се до дека нема измени во законските прописи.

Откако никој  друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18советници ,12 гласа ЗА и 1воздржан и 6 против,  Советот донесе- **Одлука за  давање согласност на Одлуката  за усвојување на Правилникот за измени на правилникот  за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка  Крива Паланка;**

10.Предлог-Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој   не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,  Советот донесе- **Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„;**

11.Предлог – Одлука за донесување на план за парцелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за „Дел 1„ од урбан блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ;

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде образложение по однос на точката

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за донесување на план за парцелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за „Дел 1„ од урбан блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ;**

12.Предлог-Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски сретстсва за изградба ,реконструкција ,одржување и заштита на општинаските патишта и улици во Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани, Советот донесе- **Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски сретстсва за изградба ,реконструкција ,одржување и заштита на општинаските патишта и улици во Општина Крива Паланка**

13.Предлог-Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка**

14.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Ленче Илиевска во програмата недостасува делот за човечки ресурси кои ќе бидат потребни и со кои профили и исто така советничката имаше дадено забелешка за предвидената набавка на 2 електронски тротинети и еден електронски скутер со набавка од 170 000 денари и смета дека нема потреба да се трошат тие средства

Директорот на ЈП Калин Камен даде образложение на прашањето и дадената забелешка од страна на советничката

Според советничката Виолета С.Стојановска имало ставени приходи со дадена сума за пајак служба и побара објаснување на кој начин се пресметани.Исто така советничката побара објаснување на која адреса ќе се наоѓа ЈП според централен регистар и каде ќе бидат сместени вработените

Директорот на ЈП Калин Камен даде образложение

Градоначалникот упати апел до советниците со личен придонес да се вклучат во креирањето на правилниците кои ќе бидат предвидени и кои што се јавно објавени на веб страната на општината Крива Паланка. Во наредниот период ќе следат консултации мислења и препораки од граѓаните и бизнис секторот на нашата општина се со цел да се донесе проект кој ќе го реши проблемот со десниот коловоз на централната градска улица бидејќи во анкетите беше даден како најголем проблем во градот.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 против, Советот донесе- **Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен "Крива Паланка за 2023 година**

15.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2**

16.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција ;

Директорот на ЈП Комуналец даде образложение по однос на точката

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 против , Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција ;**

17.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе -**Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка**

18.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка;**

19.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе - **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;**

**Советнички прашања**

**1**.Советникот Влатко Д.Ристовски постави прашање до градоначалникот кога може да се очекува повторно пуштање на сите светилки за улично осветлување

И како второ прашање поставено од страна на советникот кога се планира започнување со активности на градскиот базен и дали до сега се преземени некои активности бидејќи имало склучен договор за ЈПП и би било добро да биде заврешено бидејќи доаѓа летен период.

Градоначалникот даде образложение по однос на поставените прашања од страна на советникот.

**2**.Советничката Виолета С.Станојковска побара објаснување од страна на директорот на ООУ Јоаким крчовски за причината поради која не е дозволено од негова страна учениците кои се запишани во музичкото училиште а се ученици кои учат во ООУ Илинден им било спречено да учествуваат на државен натпревар во Валандово а тие ученици претходно учествувале на регионален натпревар и на истиот имале добиено 100 поени и освоено прво место.Во што е проблемот директорот на ООУ Јоаким Крчовски да се однесува вака селективно спрема некои ученици.

Како друго прашање поставено од страна на советниката до директорот на ЈП Комуналец дали кога биле местени електронските водомери во населбата Бегови Бавчи се одело по адреса на живеење кај сите корисници и дали сите жители на населбата имаат нови водомери и ако немаат колкава е бројката на тие што немаат нови водомери и што е причината зошто не е направена замена кај сите и кога се планира истата. Според

советничката би требало на лицата кои не биле дома и на кои не им се наместени електронски водомери да бидат известени за повторнто доаќање кога се планира .Исто така советничката побара објаснување зошто договорите за новите водомери им се врачени на жителите на овие населби некаде во месец Април иако се заверени со архивски број на 20 Септември 2022 година.

По однос на првото прашање советничката ќе добие одговор во писмена форма од страна на директорот

Директорот на ЈП Комуналец даде одговор на поставеното прашање од страна на советничката

**3.** Советничката Билјана Крстевска постави прашање до одделение за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одделение за одржување на комунална инфраструктура до каде е постапката за доградба и реконструкција на водовод Вирови Грамаѓе при што би се решил проблемот со водоснабдување на еден дел од населението во с.Конопница.

Како второ прашање поставено од страна на советничката до која фаза се градежните активности со спортскиот терен во подрачното училиште Илинден во с.Конопница

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска даде образложение на првото поставено прашање од страна на советничката

Градоначалникот даде дообјаснување дека се работи по однос на решавање на ова прашање

Исто така градоначалникот даде образложение и по однос на второто прашање дека градежните активности интензивно се одвиваа во изминатиот период но со оглед на временските услови малку позабавено се одвива но се надева дека до крајот на месец Јуни на конечно решавање и затварање на тој проект.

**4.**Советникот Моме Крстевски постави прашање до градоначалникот до каде е постапката со изработка на техничка документација за водоснабдување во с.Конопница

Како друго прашање поставено од страна на советникот се работи за улица Св.Јоаким Осоговски нов крак извршено е поставување на чунови врз основа на која документација е извршено поставувањето на истите дали има согласност од Министерство за внатрешни работи и сообраќаен проект како и одобрение од општината бидејќи постои реакција од страна на граѓани .

Исто така советникот побара објаснување при изготвување на одлука која е донесена на 22 седница на Совет на општина Крива Паланка а се однесува за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот на изградено,неизградено земјоделско земјиште во општина Крива Паланка каде во прегледот на зони за утврдување на пазарна вредност за земјоделско земјиште конкретно за с.Мождивњак погодно за плацови и викенд зони има ставена вредност 600 денари по м2 од каде општинската администрација е дојдена до оваа вредност.

Градоначалникот даде образложение по однос на првото прашање од страна на советникот дека и тој се залага за негово решавање но има одредени проблеми.

По однос на второто прашање дека сообраќајните проекти не одат на гласање на седница на Совет на општина туку се носат со одобрение од Министерство за внатрешни работи за што е направен елаборат и дадена согласност бидејќи тоа било неминовно решение за тој проблем.

**5.**Советничката Ленче Илиевска имаше поставено прашање дали ќе може да се направи поставување на две заштитни огради на две населени места во с.Луке – кај гробиштата каде имало кривина за да не дојде до некоја незгода

Исто така ако може за поставување на заштитна ограда во с.Голеш-караула на самиот премин исто така е повеќе од потребна да не дојде до некоја несакана незгода

Исто така според советничката службите на МВР да си ги вршат своите обврски согласно законот да се казнуваат непрописно паркираните возила на места каде има поставена сигнализација за забрането запирање и паркирање на неколку локации во градот .

Советничката имаше упатено прашање до службите кога ќе го добијат советниците извештајот за урбано зеленило за 2022 година бидејќи до сега истиот го немаат доставено од нивна страна.

Градоначалникот даде образложение по однос на првото прашање дека тоа не под надлежност на општината и дека со допис до МВР ќе побараат за решавање на овој проблем за да бидат поставени тие заштитни огради.Додека на другото прашање поставено од страна на советничката за поставување на заштитна ограда во с.Голеш е под надлежност на општината и ќе се постапи за решавање на овој проблем бидејќи и според градоначалникот треба да се реши.

**6.** Советникот Менде Ристовски имаше поставено прашање до градоначалникот до каде е проектот за гасификација на општина Крива Паланка како еден од преоритетите на неговата изборна програма.Исто така како еден од преоритетните проекти на градоначалникот во неговата изборна програма била изградбата на катна гаража во нашата општина.

Советникот имаше поставено прашање до градоначалникот дали има најава за некоја нова инвестиција во општината за да се задржат младите да не заминуваат на работа во друга држава.

Градоначалникот даде образложение на поставените прашања од страна на советникот.

**7.**Советникот Даниел Анѓеловски постави прашање до директорот на ЈП Комуналец во оваа тековна година до каде е стигнато со промената на старите азбесни цевки и на кои локации и дали се постапува по дадените забелешки од страна на советниците прво да се направи промена на цевките потоа да се асфалтираат предвидените улици.

Директорот на ЈП Комуналец даде образложение на прашањето поставено од страна на советникот

**8.**Советникот Дане Милошевски постави прашање дали се има сознание дека постојат граѓани кои не се приклучени на главниот градски водовод и што се презема по однос на тоа.

Директорот на ЈП Комуналец даде образложение на прашањето од страна на советникот

Според советникот бидејќи веќе има донесена одлука за комунален ред би требало да се постапува по истата.

Советникот Влатко С.Ристовски постави прашање до одделение за комунална инфраструктура до која фаза е реконструкцијата на игралиштето во Партизан со тартан стаза и со други захвати за разубавување на тој дел и кога се планира во нареден период.
Исто така од страна на советникот имаше поставено уште две прашања дали се планира реконструкција на калдрмата кај Лилав мост и дали се планира реконструкција на земјената патека во делот кај Дукис до речното корито мал зафат кој би требало да се реши .

Градоначалникот даде образложение по однос на прашањата поставени од страна на советникот дека постапката е во тек и дека во наредниот период ќе биде реализирана по однос на првото прашање додека за другите две прашања ќе направи напор да се реализираат наредната година.

Советникот Емил Спасовски имаше поставено повеќе прашања до директорот на ЈП Комуналец дали навистина директорот има поднесено оставка од својата функција како директор и ако нема дали планира да поднесе.
Советникот побара објаснување од страна на директорот дали знае во каква финансиска состојба е ЈП Комуналец во врмето од кога е ставен на функција како директор до денес и колкави се задолжувањата и побарувањата на претпријатиетo.
Како друго прашање поставено од страна на советникот дали директорот планира да ја намали цената за собирање смет.
Колку средства се потрошени за набавката на посадените дрвја и колку по однос на таа набавка ЈП Комуналец има сервисирано .
Советникот побара објаснување од страна на директорот до каде е новата систематизација за реализација на работните места.

Директорот даде образложение на прашањата од страна на советникот

Советникот Емил Спасовски постави прашање до градоначалникот до каде е постапката и што до сега се има преземено за оштетениот пат на Калин Камен со нереалната изградба на водоводниот систем.

Градоначалникот дада образложение на поставеното прашање од страна на советникот но ако има потреба советникот може да добие одговор во писмена форма се што има преземено градежниот инспектор на општината.

Советникот не беше задоволен од одоворите на директорот на ЈП Комуналец и самиот даде свое видување по однос на истите.

Со исцрпување на дневниот ред председателот ја заклучува 25-та седница на Советот на општина Крива Паланка

Записничар
Клара Стевановска

Претседател на Совет
Изабела Павловска